Здружение на граѓани СОС ДЕТСКО СЕЛО
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03 - 925 / 2
27.05.2026
С к о п ј е

СОС ДЕТСКО СЕЛО
Северна Македонија

Консолидирани финансиски извештаи
за годината што завршува на
31 декември 2025 и
Извештај на независниот ревизор

bakertilly
JOANIDIS

Содржина

	Страна
Извештај на независниот ревизор	3
Консолидирани финансиски извештаи	
Консолидиран Биланс на состојба	5
Консолидиран Извештај за финансиските активности	6
Консолидиран Извештај за паричните текови	7
Консолидиран Извештај за промените во акумулираните фондови	8
Движење на консолидираните рестриктивните фондови	8
Белешки кон консолидираните финансиски извештаи	9

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

До Управниот Одбор на СОС Детско село Северна Македонија

Извештај за ревизијата на консолидираните финансиски извештаи

Мислење

Ние извршивме ревизија на консолидираните финансиски извештаи на групацијата СОС Детско село, Северна Македонија, составени од поединечните финансиски извештаи на Здружението "СОС Детско село, Северна Македонија" и "Приватната Установа СОС Детско село, Скопје", во понатамошниот текст "Групацијата", коишто го вклучуваат консолидираниот биланс на состојба заклучно со 31 декември 2025 година, и консолидираниот извештај за финансиски активности, консолидираниот извештај за промените во акумулираните фондови и консолидираниот извештај за паричните текови за годината која што завршува тогаш, и белешките кон консолидираните финансиски извештаи, вклучително и преглед на значајните сметководствени политики.

Според нашето мислење, придружните консолидирани финансиски извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти консолидираната финансиска состојба на Групацијата заклучно со 31 декември 2025 година, како и нејзината консолидирана финансиска успешност и нејзините консолидирани парични текови за годината којашто завршува тогаш, во согласност со применливата регулатива за сметководство на непрофитни организации во Република Северна Македонија, сметководствените политики опишани во белешките кон консолидираните финансиски извештаи и Сметководствениот стандард на Генералниот Секретаријат со насоки за организациите СОС Детски Села.

Основа за мислење

Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија (МСР). Нашите одговорности според наведените стандарди се опишани во делот *Одговорности на ревизорот за ревизијата на консолидираните финансиски извештаи* од овој извештај. Ние сме независни од Групацијата во согласност со Меѓународниот кодекс за етика на професионални сметководители (вклучувајќи ги и меѓународните стандарди за независност) (Кодексот на ОМСЕС) на Меѓународниот одбор за стандарди за етика на сметководители заедно со етичките барања кои се релевантни за нашата ревизија на консолидираните финансиски извештаи во Република Северна Македонија и ги исполнивме сите останати етички одговорности во согласност со овие барања и Кодексот на ОМСЕС кој е во примена во Република Северна Македонија. Веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мислење.

Основ за сметководствена евиденција

Без да го квалификуваме нашето мислење, обрнуваме внимание на Белешка 2 од консолидираните финансиски извештаи, каде е опишана основата за сметководство. Консолидираните финансиски извештаи се подготвени за целите на известување на Менаџментот и Управниот одбор на Групацијата СОС Детско Село, Северна Македонија. Соодветно истите не може да се користат за други намени.

Други информации

Раководството е одговорно за другите информации. Другите информации се состојат од информации вклучени во годишниот извештај за работата и годишната сметка изготвени од раководството на Групацијата во согласност со Законот за здруженија и фондации, но не ги вклучуваат консолидираните финансиски извештаи и нашиот ревизорски извештај. Нашето мислење за консолидираните финансиски извештаи не се однесува на другите информации и ние не изразуваме каква било форма на уверување за нив, освен и во обем кој е експлицитно наведен во *Извештајот за други правни и регулаторни барања.*

Baker Tilly Joanidis trading as Baker Tilly Joanidis is a member of the global network of Baker Tilly International Ltd., the members of which are separate and independent legal entities.

Други информации (продолжува)

Во врска со нашата ревизија на консолидираните финансиски извештаи, наша одговорност е да ги прочитаме другите информации и притоа да разгледаме дали другите информации се материјално неконзистентни со консолидираните финансиски извештаи или нашето знаење, прибавено во ревизијата, или поинаку произлегува дека се материјално погрешни. Ако, врз основа на нашата извршена работа, ние заклучиме дека постои материјално погрешно прикажување на овие други информации, ние треба да известиме за овој факт. Ние немаме ништо да известиме во однос на ова прашање.

Одговорност на раководството и оние кои се задолжени за управувањето за консолидираните финансиски извештаи

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на консолидираните финансиски извештаи во согласност со регулативата за сметководството на непрофитните организации во Република Северна Македонија и за таква внатрешна контрола каква што раководството утврдува дека е неопходна за да се овозможи подготовка на консолидирани финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, било да е резултат на измама или грешка.

При подготвувањето на консолидираните финансиски извештаи, раководството е одговорно за проценка на способноста на Групацијата да продолжи под претпоставката за континуитет, обелоденувајќи, кога е применливо, прашања поврзани со континуитетот и користење на сметководствената основа на континуитет, освен ако раководството или има намера да ја ликвидира Групацијата или да го прекине работењето или нема друга реална алтернатива освен да го стори тоа.

Оние кои се задолжени за управувањето се одговорни за надгледување на процесот на финансиско известување на Групацијата.

Одговорност на ревизорот за ревизијата на консолидираните финансиски извештаи

Нашите цели се да стекнеме разумно уверување за тоа дали консолидираните финансиски извештаи како целина не содржат материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка и да издадеме ревизорски извештај што го вклучува нашето мислење. Разумно уверување е високо ниво на уверување, но не претставува гаранција дека ревизијата спроведена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија секогаш ќе открие материјално погрешно прикажување кога тоа постои. Погрешните прикажувања може да произлезат како резултат на измама или грешка и се смета дека се материјални доколку, поединечно или во вкупен износ, разумно би се очекувало да влијаат на деловните одлуки на корисниците донесени врз основа на овие консолидирани финансиски извештаи.

Како дел од ревизијата во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија, применуваме професионално расудување и одржуваме професионален скептицизам во текот на ревизијата. Ние, исто така:

- Ги идентификуваме и проценуваме ризиците од материјално погрешно прикажување во консолидираните финансиски извештаи, без разлика дали се резултат на измама или грешка, дизајнираме и извршуваме ревизорски процедури кои одговараат на тие ризици и прибавуваме ревизорски докази кои се достатни и соодветни да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Ризикот од неоткривање на материјално погрешно прикажување како резултат на измама е повисок од ризикот како резултат на грешка, поради тоа што измамата може да вклучи заговор, фалсификување, намерни пропусти, лажни прикажувања или заобиколување на внатрешните контроли.
- Стекнуваме разбирање за внатрешните контроли кои се значајни за ревизијата со цел да дизајнираме ревизорски процедури со одветни на околностите, но не и со цел за изразување мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Групацијата.
- Ја оценуваме соодветноста на користените сметководствени политики и разумноста на сметководствените проценки и поврзаните обелоденувања направени од страна на раководството.

Одговорност на ревизорот за ревизијата на консолидираните финансиските извештаи (продолжува)

- Донесуваме заклучок за соодветноста на применетата претпоставка за континуитет како сметководствена основа од страна на раководството и врз основа на прибавените ревизорски докази дали постои материјална неизвесност поврзана со настани или услови кои можат да предизвикаат значителен сомнеж во можноста на Групацијата да продолжи да работи под претпоставката на континуитет. Доколку заклучиме дека постои материјална неизвесност, тогаш е потребно да обрнеме внимание во нашиот ревизорски извештај на поврзаните обелоденувања во консолидираните финансиски извештаи или доколку таквите обелоденувања се несоодветни, да го модификуваме нашето мислење. Нашите заклучоци се засновани на ревизорските докази прибавени до датумот на нашето ревизорско мислење. Меѓутоа, идни настани или услови може да предизвикаат Групацијата да престане да работи според претпоставката на континуитет.
- Ја оценуваме севкупната презентација, структура и содржина на консолидираните финансиски извештаи, вклучувајќи ги обелоденувањата и дали консолидираните финансиски извештаи ги претставуваат основните трансакции и настани на начин кој постигнува објективна презентација.

Ги известивме оние кои се задолжени за управувањето, меѓу другото, и за планираниот обем и временскиот распоред на ревизијата и за значајните наоди од ревизијата, вклучувајќи ги евентуалните значајни недостатоци на внатрешната контрола што ги идентификувавме во текот на ревизијата.

Извештај за други правни и регулативни барања

Како што е наведено во пасусот *Други информации*, Раководството на Групацијата е одговорно за изготвување на годишен извештај за работењето за 2025 година во согласност со Законот за здруженија и фондации. Наша одговорност е да изразиме мислење за конзистентноста на годишниот извештај, со историските финансиски информации објавени во годишна сметка и ревидираните финансиски извештаи на Групацијата со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2025, во согласност со меѓународните ревизорски стандарди, како и во согласност со барањата на член 34, став 1, точка (д) од Законот за Ревизија.

Наше мислење е дека, историските финансиски информации објавени во годишниот извештај за работењето на Групацијата со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2025, се конзистентни, во сите материјални аспекти, со информациите објавени во годишната сметка и ревидираните консолидирани финансиски извештаи на Групацијата со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2025 година.

Овластен ревизор
Љубица Јоанидис

Скопје, 29 април 2026

Управител
Љубица Јоанидис

Друштво за ревизија
Бакер Тили Јоанидис Дооел Скопје

Друштво за ревизија
БАКЕР ТИЛИ ЈОАНИДИС
ДООЕЛ Скопје

(во илјади мкд)

СОС ДЕТСКО СЕЛО, СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА СОСТОЈБА

	Белешки	2025	2024
СРЕДСТВА			
Нетековни средства			
Нематеријални средства	3.1	1,893	947
Земјиште, згради и опрема	3.2	171,169	158,970
Инвестициски средства	3.3	-	-
Вкупно нетековни средства		**173,062**	**159,917**
Тековни средства			
Залиха на стоки	3.4	453	95
Побарувања	3.5	821	673
Останати краткорочни финансиски средства	3.5	4,220	4,379
Пари и парични еквиваленти	3.6	70,090	62,102
Одложени/претплатени трошоци	3.7	279	269
Вкупно тековни средства		**75,864**	**67,518**
ВКУПНО СРЕДСТВА		**248,927**	**227,435**
АКУМУЛИРАНИ ФОНДОВИ И ОБВРСКИ			
Акумулиран фонд			
Нерестриктивни фондови		239,207	218,608
Вкупно акумулирани фондови		**239,207**	**218,608**
Нетековни обврски			
Средства во доверба	3.8	4,298	4,606
Долгорочни резервирања	3.9	1,196	1,682
Вкупно нетековни обврски		**5,494**	**6,288**
Тековни обврски			
Одложени приходи	3.10	499	409
Рестриктивни фондови		30	0
Останати тековни обврски		**3,697**	**2,130**
Обврски кон добавувачи	3.11	3,065	1,742
Останати обврски	3.11	390	290
Обврски за даноци	3.11	242	99
Вкупно тековни обврски		**4,226**	**2,540**
ВКУПНО АКУМУЛИРАНИ ФОНДОВИ И ОБВРСКИ		**248,927**	**227,435**

Обелоденувањата и белешките кон консолидираните финансиски извештаи се интегрален дел од консолидираните финансиските извештаи и треба да се читаат во врска со истите.

(во илјади мкд)

СОС ДЕТСКО СЕЛО, СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКИТЕ АКТИВНОСТИ

		2025			2024		
	Белешки	Нерестрик-тивни фондови	Рестрик-тивни фондови	Вкупно	Нерестрик-тивни фондови	Рестрик-тивни фондови	Вкупно
ПРИХОДИ							
Приходи од странство		**125,295**	**-**	**125,295**	**115,742**	**-**	**115,742**
Приходи од странство за тековни трошоци	4.1	125,295	-	**125,295**	115,742	-	**115,742**
Приходи од странство за градба	4.2	-	-	**-**	-	-	**-**
Локални приходи		**79,776**	**-**	**79,776**	**68,013**	**618**	**68,630**
Локални приходи од собирање парични средства (fund raising)	4.3	54,127	-	**54,127**	45,987	-	**45,987**
Локални приходи од државни субвенции и грантови	4.4	21,899	-	**21,899**	17,396	618	**18,013**
Локални приходи од оперативни активности	4.5	-	-	**-**	-	-	**-**
Останати локални приходи	4.6	3,751	-	**3,751**	4,630	-	**4,630**
Вкупно приходи		**205,071**	**-**	**205,071**	**183,753**	**619**	**184,372**
ТРОШОЦИ							
Програмски/проектни трошоци	4.7	(139,446)	-	**(139,446)**	(128,438)	(391)	**(128,829)**
Административни трошоци	4.8	(26,233)	-	**(26,233)**	(20,438)	(227)	**(20,665)**
Трошоци за собирање средства (fund raising)	4.9	(31,390)	-	**(31,390)**	(29,577)	-	**(29,577)**
Останати трошоци	4.10	-	-	**-**	-	-	**-**
Вкупно трошоци		**(197,069)**	**-**	**(197,069)**	**(178,454)**	**(618)**	**(179,071)**
Пренесени средства-вишок од претходна година		58,596	-	**58,596**	54,029	-	**54,029**
Корекција на пренесени средства-вишок од претходна година		(275)	-	**(275)**	-	-	**-**
Нето-суфицит/(дефицит) од оперативни активности		**66,323**	**-**	**66,323**	**59,329**	**0**	**59,330**
Приходи/(расходи) од финансиски активности							
Банкарска камата	4.11	-	-	**-**	-	-	**-**
Банкарска провизија	4.11	(433)	-	**(433)**	(525)	-	**(525)**
Курсни ралзики	4.11	(191)	-	**(191)**	(195)	-	**(195)**
Вкупно финансиски приходи/(расходи)		**(624)**	**-**	**(624)**	**(720)**	**-**	**(720)**
Нето-суфицит/(дефицит) пред оданочување		**65,699**	**-**	**65,699**	**58,610**	**0**	**58,610**
Данок на добивка	4.12	(8)	-	**(8)**	(14)	-	**(14)**
Нето-суфицит/(дефицит) по оданочување		**65,691**	**-**	**65,691**	**58,596**	**0**	**58,596**

Обелоденувањата и белешките кон консолидираните финансиски извештаи се интегрален дел од консолидираните финансиските извештаи и треба да се читаат во врска со истите.

Овие консолидирани финансиски извештаи беа одобрени од страна на раководството на Групацијата на 24 февруари 2026 година и во негово име беа потпишани од:

Одобрено од:

Г-ѓа Јулијана Накова-Гапо
Директор на групацијата
СОС Детско село, Северна Македонија

Составено од:

Г-ѓа Снежана Серафимовска
Финансиски директор на групацијата
СОС Детско село, Северна Македонија

(во илјади мкд)

СОС ДЕТСКО СЕЛО, СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ

	Белешки	2025	2024
Парични текови од оперативни активности			
Добивка пред оданочување		65,699	58,610
Корекции за:			
Добивка по оданочување од претходни години		(58,596)	(54,029)
Зголемување на акумулираните фондови		12,716	12,555
Оперативен вишок пред промени во капиталот		**19,819**	**17,136**
Зголемување на побарувања		(148)	13
Зголемување на останати краткорочни побарувања		159	(1,977)
Зголемување на претплата за даноци		(10)	4
Зголемување на однапред платени трошоци		-	-
Зголемување на залиха на стоки		(359)	16
Намалување на средства во доверба		(309)	(657)
Намалување на долгорочни резервирања		(485)	199
Намалување на одложени приходи		89	1,517
Намалување на рестриктивни фондови		30	(461)
Намалување на обврски кон добавувачи		1,323	(385)
Намалување на останати краткорочни обврски		100	(524)
Намалување на обврски за даноци		143	16
Парични средства од оперативни активности		**20,354**	**14,896**
Платен данок		(8)	(14)
Нето-парични средства од оперативни активности		**20,346**	**14,882**
Парични текови од инвестициски активности			
Набавка на земјиште, згради и опрема		(10,645)	(12,516)
Набавка на нематеријални средства		(1,713)	(55)
Нето-парични средства од инвестициски активности		**(12,358)**	**(12,571)**
Парични текови од финансиски активности		-	-
Нето-парични средства од финансиски активности		**-**	**-**
Нето-зголемување на пари и парични еквиваленти		**7,989**	**2,311**
Пари и парични еквиваленти на почеток на период	**3.6**	**62,102**	**59,791**
Пари и парични еквиваленти на крај на период	**3.6**	**70,091**	**62,102**

Обелоденувањата и белешките кон консолидираните финансиски извештаи се интегрален дел од консолидираните финансиските извештаи и треба да се читаат во врска со истите.

(во илјади мкд)

СОС ДЕТСКО СЕЛО, СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО АКУМУЛИРАНИТЕ ФОНДОВИ

Акумулирани фондови	**2025**	**2024**
Нерестриктивни		
На 1 јануари	**218,608**	**200,113**
Набавки на материјални и нематеријални средства	11,002	12,571
Амортизација, ревалоризација	2,304	2,376
Отуѓување на материјални средства	(160)	(1,003)
Движење на залихата на стоки/производи	359	(16)
Добивка/(загуба) за претходна година	(58,596)	(54,029)
Добивка/(загуба) за годината	65,691	58,596
Нето-трансфер од рестриктивни фондови	-	-
На 31 декември	**239,207**	**218,608**
Рестриктивни		
На 1 јануари	-	-
Примени средства	-	-
Потрошени средства	-	-
Нето-трансфер во нерестриктивни фондови	-	-
На 31 декември	-	-
Вкупно акумулирани фондови со рестриктивни фондови	**239,207**	**218,608**

Движење на рестриктивните фондови	**Состојба на 01.01.2025**	**Примени средства**	**Вкупно потрошено**	**Состојба на 31.12.2025**
Херман-Гмајнер фонд	-	-	-	-
Локација 1	-	-	-	-
СОС Детско село Скопје	-	-	-	-
Прајд програма	-	-	-	-
ХФГД-YEEP	-	-	-	-
ХФГД-Humanitarian Appeal	-	-	-	-
Локални фондови	-	91	(61)	30
Државни грантови	-	-	-	-
ЕУ проект СЕГА	-	61	(61)	-
Национална канцеларија	-	-	-	-
Erasmus + Power for Youth	-	-	-	-
Државни грантови	-	-	-	-
Останати	-	30	-	30
Вкупно рестриктивни фондови	**0**	**91**	**(61)**	**30**

Движење на рестриктивните фондови	**Состојба на 01.01.2024**	**Примени средства**	**Вкупно потрошено**	**Состојба на 31.12.2024**
Херман-Гмајнер фонд	**234**	-	**(234)**	-
Локација 1	-	-	-	-
СОС Детско село Скопје	-	-	-	-
Прајд програма	-	-	-	-
ХФГД-YEEP	7	-	(7)	-
ХФГД-Humanitarian Appeal	227	-	(227)	-
Локални фондови	**228**	**294**	**(522)**	-
Државни грантови	-	-	-	-
ЕУ проект СЕГА	97	294	(391)	-
Национална канцеларија	131	-	(131)	-
Erasmus + Power for Youth	-	-	-	-
Државни грантови	-	-	-	-
Останати	-	-	-	-
Вкупно рестриктивни фондови	**461**	**294**	**(755)**	**0**

Обелоденувањата и белешките кон консолидираните финансиски извештаи се интегрален дел од консолидираните финансиски извештаи и треба да се читаат во врска со истите.

Белешки кон консолидираните финансиски извештаи

1 Општи информации за групацијата СОС Детско Село Северна Македонија

Здружението СОС Детско Село, Северна Македонија (во понатамошниот текст „Здружението") е регистрирана како непрофитна организација која се залага за социјален развој преку обезбедување на професионална грижа и поддршка за децата без родители и родителска грижа. Здружението на граѓани СОС Детско Село, Северна Македонија е регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија на 17 ноември 2000 година со ЕМБС 5521734 на иницијатива на СОС Киндердорф Интернатионал. Одлуката за формирање бр.10-1929/2 е издадена од Министерство за правда на Република Северна Македонија на 30 март 2001 година.

Седиштето на Здружението се наоѓа на ул. Ристо Шишков бр.31, во Скопје, Општина Центар, Република Северна Македонија. Основна дејност на СОС Детско село, Северна Македонија е под шифрата 87.990 – Останати дејности на социјална заштита со сместување, не споменати на друго место, и со организационен облик шифра 10.1 – социјално хуманитарно здружение.

Согласно член 7 од Статутот на Здружението на граѓани СОС Детско Село Северна Македонија, Генералното собрание и Управниот одбор се телата одговорни за носење одлуки и надзор на Здружението. Генералното собрание брои 29 члена, додека Управниот одбор се состои од 5 члена.

Членови на Управен одбор се:

- ✓ Д-р Александар Трајковски – Претседател
- ✓ Сузана Андреев – Заменик претседател
- ✓ Д-р Иван Трајков – Член
- ✓ Д-р Филип Ивановски – Член
- ✓ Зорица Силјановска – Член

Овластено лице на Здружението е Г-ѓа Јулијана Накова – Гапо, како Национален директор со неограничени овластувања, кој е задолжен за спроведувањето на одлуките на Генералното Собрание, на Управниот одбор и за секојдневното раководење.

Здружението на граѓани СОС Детско Село, Северна Македонија, ја основа Приватната установа за вонсемејна заштита СОС Детско Село Скопје (во понатамошниот текст „Приватна установа") која е регистрирана во Централниот регистар на Република Северна Македонија на 4 Октомври 2001 со ЕМБС 5648114. Седиштето на Приватната установа се наоѓа на ул. Финска бр.131, Скопје, општина Гази Баба. Основната дејност на Приватната установа е под шифра 87.990 – Останати дејности на социјална заштита со сместување, не споменати на други места, со организационен облик шифра 02.3 – социјална установа.

Согласно член 11 од Статутот на Приватната установа, орган за управување е Управниот Одбор. Управниот одбор се состои од 4 члена. Членовите на Управниот Одбор ги именува и разрешува Управниот одбор на Основачот, односно Здружението.

Овластено лице на Приватната установа е Директорот г-ѓа Јулијана Накова – Гапо со ограничување на овластувањата. Ограничувањето на овластувањата се состои во тоа што Директорот не може да преземе одредени активности наведени во член 14 од Статутот на Приватната установа, без претходна писмена согласност од Управниот одбор на основачот, Здружението.

1 Општи информации за групацијата СОС Детско Село (продолжува)

На 31 декември 2025 и 2024 година, Групацијата ги има следните програми и проекти:

31.12.2025	31.12.2024
✓ Центар за поддршка на згрижувачки семејства и Развој на деца - СОС Детско село;	✓ Центар за поддршка на згрижувачки семејства и Развој на деца - СОС Детско село;
✓ Живеење со поддршка СОС Детско село 1 и 2 -Бардовци/Влае;	✓ Живеење со поддршка СОС Детско село 1 и 2 -Бардовци/Влае;
✓ Живеење со поддршка СОС Детско село 3 и 4 -Радишани/Железара;	✓ Живеење со поддршка СОС Детско село 3 и 4 -Радишани/Железара;
✓ Програма за полунезависно живеење – Советувалиште за млади – СОС Детско Село КОМПАС;	✓ Програма за полунезависно живеење – Советувалиште за млади – СОС Детско Село КОМПАС;
✓ Национална канцеларија и Застапување;	✓ Национална канцеларија и Застапување;
✓ Оддел за собирање локални приходи;	✓ Оддел за собирање локални приходи;
✓ Проект "IF4C" Проект за развивање на индивидуално донаторство;	✓ Проект "IF4C" Проект за развивање на индивидуално донаторство;
✓ Советувалиште СОС Детско село 2 (Гази Баба);	✓ Советувалиште СОС Детско село 2 (Гази Баба);
✓ Советувалиште СОС Детско село 1 (Шуто Оризари);	✓ Советувалиште СОС Детско село 1 (Шуто Оризари);
✓ Проект "BMZ DE-I" Унапредување на системски недостатоци – Поддршка на реформите во системот за заштита на деца;	✓ Проект "СЕГА" Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата;
✓ Проект Зајакнување на младите преку нови можности 2 (YEEP 2 и YEEP GSC)	✓ Проект "BMZ DE-I" Унапредување на системски недостатоци – Поддршка на реформите во системот за заштита на деца;
✓ Проект СОС Детско село Скопје - Изградба на Социјален центар	✓ Проект Зајакнување на младите преку нови можности 2 (YEEP 2 и YEEP GSC)
✓ Скопје Стандарден проект	✓ Проект СОС Детско село Скопје - Изградба на Социјален центар
✓ Право на семејство II - подобрување на достапноста, пристапноста и квалитетот на згрижувачките семејства и услуги во заедницата	✓ Скопје Стандарден проект

Вкупниот број на вработени во Здружението заклучно со 31 декември 2025 година е 29 вработени (2024: 24 вработени). Додека пак во Приватната Установа, бројот на вработени заклучно со 31 декември 2025 е 81 вработени (2024: 87 вработени).

2 Сметководствени политики

Во продолжение се прикажани основните сметководствени политики употребени при подготовка на овие консолидирани финансиски извештаи. Овие политики се конзистентно применети на сите прикажани години, освен доколку не е поинаку наведено.

2 Сметководствени политики (продолжува)

2.1 Основа за подготовка и презентација на консолидираните финансиски извештаи

Консолидираните финансиски извештаи на групацијата СОС Детско Село, Северна Македонија, приложени на страните 5 заклучно со страна 23, се составени согласно националното законодавство - Закон за сметководство на непрофитни организации ("Службен весник на Р. Македонија бр.24/03; 20/05; 80/05; 17/11; 154/15 и 122/21); Правилник за сметководство на непрофитни организации (Сл. Весник на Р. Македонија бр.08/09; 12/09; 175/11); Закон за данок на добивка, Закон за данок на личен доход и Закон за данок на додадена вредност. Истовремено, консолидираните финансиски извештаи на групацијата се во согласност со Сметководствениот стандард согласно Упатството на Генералниот секретаријат на SOS Children's Villages Organization, како и прирачникот за книжење и сметковен план на СОС Киндердорф Интернационал. Доколку постои контрадикторност помеѓу локалните и сметководствените стандарди на СОС Киндердорф Интернационал, секогаш се дава предност на локалното, национално законодавство кое ја регулира оваа област.

Сите трансакции на групацијата, се регистрираат согласно законот за непрофитни организации врз основа на готовинска-модифицирана основа: финансиските трансакции се евидентираат само кога се примени средства во готовина или се потрошени средства во готовина. Оваа основа во сметководството има клучно влијание врз презентација на консолидираните финансиски извештаи на групацијата.

За потреби на известување согласно барањата на СОС Киндердорф Интернационал, СОС Детско село, Северна Македонија, изготвува збирни/консолидирани финансиски извештаи вклучувајќи ги финансиските извештаи на Здружението и финансиските извештаи на Приватната установа. Консолидираните финансиски извештаи на групацијата се подготвени на начин што во целост се елиминираат салдата на побарувањата и обврските, како и во целост се елиминираат приходите и расходите кои произлегуваат од трансакции помеѓу Здружението и Приватната установа со состојба 31 Декември. Консолидираните финансиски извештаи на групацијата, се подготвени со состојба на и за годините што завршуваат на 31 декември 2025 и 2024 година. Тековните и споредбените податоци прикажани во овие консолидирани финансиски извештаи се прикажани во Македонски Денари (000 мкд), освен доколку не е поинаку наведено.

Консолидираните финансиски извештаи на групацијата се изготвени врз основа на претпоставката за континуитет што значи дека групацијата ќе продолжи да работи во догледна иднина. Способноста на групацијата да ја продолжи работата врз континуирана основа зависи од континуираната поддршка на донаторите од кои се добиваат финансиските средства. Оттука, се претпоставува дека менаџментот на групацијата СОС Детско село Северна Македонија нема ниту намера ниту потреба да го ликвидира или материјално да го намали обемот на неговото работење.

2.2 Промена на курс на девизите – курсни разлики

Трансакциите изразени во странска валута се вршат според девизниот курс на денот на трансакцијата.

Средствата и обврските кои се изразени во странска валута се искажуваат во денари по среден курс на Народна Банка на Република Северна Македонија на последниот ден од пресметковниот период. Курсирањето на девизните средства на обврските и побарувањата, кои се изразени во странска валута, според среден курс на Народна Банка на Република Северна Македонија, се врши задолжително на крајот на календарската година на 31 декември.

Добивката и загубата кои произлегуваат од курсни разлики од трансакциите се признати во консолидираниот извештај за финансиски активности како приходи или расходи од финансирање за пресметковниот период.

2 Сметководствени политики (продолжува)

2.2 Промена на курс на девизите – курсни разлики (продолжува)

Девизни курсеви кои беа применети за прикажување на позициите во консолидираниот биланс на состојба деноминирани во странска валута, се како што следи:

	31 декември 2025	31 декември 2024
1 ЕУР	61.4950	61.4950
1 УСД	52.3050	58.8807

3 Обелоденувања и белешки кон консолидираниот биланс на состојба

3.1. Нематеријални средства

Нематеријалните средства почетно се мерат според набавната вредност. Набавната вредност на нематеријалните средства ја претставува фактурната вредност на набавените средства, вклучувајќи ги и сите увозни давачки и неповратни даноци при купувањето, како и секој трошок кој директно се припишува на подготвување на средството за неговата наменета употреба. Нематеријалните средства на групацијата се состојат од софтвер, лиценци и останати нематеријални средства, и ја вклучуваат и ревалоризацијата на нематеријалните средства.

Евиденција на набавките на нематеријални средства се врши на товар на Деловниот фонд, а во полза на поединечните сметки на кои се искажува набавната вредност на овие средства и истовремено трошковните сметки на кои се искажува набавката на нематеријалното средство.

За пресметка на амортизацијата на нематеријални средства се користи праволинискиот метод на амортизација кој резултира со намалување на деловниот фонд во текот на корисниот век на употреба на средството. Нематеријалните средства започнуваат да се амортизираат од првиот ден на наредниот месец откако нематеријалните средства се спремни за употреба.

Согласно Номенклатурата на средствата за амортизација за непрофитните организации, за амортизација на нематеријалните средства се применуваат следните стапки на амортизација:

		Стапки на амортизација 2025 / 2024	Корисен век (год)
1.	Компјутерски софтвер	20%	5 години
2.	Лиценци	20%	5 години

3 Обелоденувања и белешки кон консолидираниот биланс на состојба (продолжува)

3.1. Нематеријални средства (продолжува)

	Лиценци и тантиеми	Останати	Вкупно 2025	Вкупно 2024
Набавна вредност				
На 1 јануари	**2,695**	**4,251**	**6,946**	**6,288**
Корекција на почетна состојба	-	-	-	**523**
Набавки во текот на годината	661	1,051	**1,713**	**55**
Ревалоризација за годината	**69**	**44**	**114**	**94**
Продажби во текот на годината	(236)	-	**(236)**	**(14)**
На 31 декември	**3,190**	**5,347**	**8,536**	**6,946**
Акумулирана амортизација и обезвреднување				
На 1 јануари	**(2,098)**	**(3,901)**	**(5,999)**	**(4,990)**
Корекција на почетна состојба	-	-	-	**(449)**
Амортизација за годината	(366)	(224)	**(590)**	**(525)**
Ревалоризација за годината	(32)	(23)	**(55)**	**(48)**
Расходувања	-	-	-	**14**
На 31 декември	**(2,496)**	**(4,147)**	**(6,643)**	**(5,999)**
Нето-евидентирана вредност				
На 1 јануари	**597**	**350**	**947**	**1,297**
На 31 декември	**694**	**1,199**	**1,893**	**947**

3.2. Земјиште, згради и опрема

Земјишта, згради и опрема почетно се мерат според набавната вредност. Набавната вредност на земјиште, згради и опрема претставува фактурната вредност на набавените средства, зголемена за сите увозни давачки и неповратни даноци при набавката, како и секој трошок кој директно се припишува на подготвување на средството за неговата наменета употреба.

Евиденција на набавката на земјиште, згради и опрема, се врши во корист на Деловниот фонд, преку поединечните сметки на кои се искажува набавната вредност на овие средства и истовремено трошковните сметки на кои се искажува набавка на земјиште, згради и опрема.

Земјиштето не се амортизира. Зградите и опремата се амортизираат според пропорционална метода и според проценетиот век на употреба на средството. За зградите и опремата основица за амортизација е набавната вредност. Амортизацијата се пресметува поединечно за секое средство според стапките на амортизација пропишани со Номенклатурата на средствата за амортизација на непрофитни организации, се додека вредноста на средството не биде во целост надоместена.

Согласно Номенклатурата на средствата за амортизација за непрофитните организации, за амортизација на зградите и опремата, се применуваат следните стапки на амортизација:

3 Обелоденувања и белешки кон консолидираниот биланс на состојба (продолжува)

3.2. Земјиште, згради и опрема (продолжува)

		Стапки на амортизација 2025 / 2024	Корисен век (год)
1.	Згради	1%	5 години
2.	Компјутери, печатачи, фотокопир машини	20%	5 години
3.	Телефонски апарати, телефакси, алат, графоскоп, проектор, музички апарати, телевизиски приемници	14%	7 години
4.	Патнички автомобили	15%	7 години
5.	Џипови и комби возила	25%	4 години
6.	Сефови и каси, клима уреди	16%	6 години
7.	Слики и други предмети за украсување, гасни котли, теписи, опрема за чистење и одржување на простории	12%	8 години
8.	Канцелариски и друг мебел	12%	8 години
9.	Останати не споменати долгорочни средства	10%	10 години

Основицата за отпис се корегира за вложувањата поради реконструкција, адаптација или други вложувања во земјишта, згради и опрема со кои се зголемува корисниот век на употреба, капацитетот, функционалната поврзаност и слично. Зградите и опремата започнуваат да се амортизираат од првиот ден на наредниот месец откако тие средства почнале да се користат за вршење на дејност.

Сметководствената евиденција се спроведува на поединечните аналитички конта на кои се искажува исправката на вредност на средствата, а на товар на Деловниот фонд.

	Вложувања во туѓо земјиште	Згради	Мебел	Опрема и машини	Возила	Градба во тек	Вкупно 2025	Вкупно 2024
Набавна вредност								
На 1 јануари	**1,156**	**173,415**	**1,775**	**21,120**	**13,636**	**25,050**	**236,153**	**210,879**
Корекција на почетна состојб	-	-	-	157	-	0	**157**	**5,659**
Набавки во текот на годината	-	5,687	148	2,779	676	-	**9,289**	**12,516**
Ревалоризација за годината	-	9,283	53	575	297	-	**10,207**	**9,607**
Продажби во текот на година	-	-	-	(163)	(333)	571	**75**	**(2,507)**
Пренос од/во инвестиции во	-	6,551	647	709	-	(7,907)	-	-
На 31 декември	**1,156**	**194,936**	**2,622**	**25,178**	**14,276**	**17,714**	**255,881**	**236,153**
Амортизација, ревалоризација и обезвреднување								
На 1 јануари	**-**	**(33,966)**	**(1,243)**	**(14,535)**	**(9,725)**	**(17,714)**	**(77,183)**	**(66,203)**
Корекција на почетна состојб	-	-	-	0	-	-	**0**	**(5,733)**
Амортизација за годината	-	(1,796)	(155)	(2,380)	(905)	-	**(5,237)**	**(4,586)**
Ревалоризација за годината	-	(1,788)	(26)	(317)	(162)	-	**(2,293)**	**(2,166)**
Расходувања и отуѓувања	-	-	-	-	-	-	-	**1,504**
На 31 декември	**-**	**(37,550)**	**(1,423)**	**(17,233)**	**(10,792)**	**(17,714)**	**(84,713)**	**(77,183)**
Нето-евидентирана вредност								
На 1 јануари	**1,156**	**139,450**	**532**	**6,585**	**3,911**	**7,336**	**158,970**	**144,676**
На 31 декември	**1,156**	**157,386**	**1,198**	**7,945**	**3,484**	**-**	**171,169**	**158,970**

3.3. Инвестициски средства

Со состојба на 31 декември 2025 и 2024 година, групацијата нема вложувања во инвестициски средства.

3 Обелоденувања и белешки кон консолидираниот биланс на состојба (продолжува)

3.4. Залиха на стоки

Залихите се стојат од залиха на новогодишни честитки и други производи наменети за дополнување на приходот на групацијата согласно планираниот буџет.

Залихите се признаваат според нивната набавна вредност со користење на ФИФО метод. Набавната вредност е составена од трошоци за печатење, дизајн, каталози за нарачки и пликови за пакување на новогодишни честитки.

(во илјади мкд)

Залиха на стоки	2025	2024
Готови производи	453	95
Вкупно залиха на стоки	**453**	**95**

Белешката 3.4 ја претставува вкупната залиха на новогодишни производи на 31 декември 2025 година на износ од 453,284 денари, односно 1,935 парчиња новогодишни честитки, 216 лампиони, 256 боенки, 313 сликовници и 1,474 картички што е во согласност со Извештајот за попис.

3.5. Побарувања и останати краткорочни финансиски средства

(во илјади мкд)

Побарувања	2025	2024
Вработени во СОС	-	-
Побарувања	821	673
Побарувања за дадени депозити и аванси	2,397	1,792
Однапред платени трошоци	1,823	2,587
Вкупно побарувања	**5,042**	**5,052**

Побарувањата се признаваат по нивната објективна (фер) вредност, намалени за исправката на побарувањата согласно проценките на менаџментот за нивна наплата.

Побарувањата во белешка 3.5 се составени од: побарувања од купувачите за продадени новогодишни честитки во износ од 821 илјади денари, побарувања за дадени депозити и аванси во износ од 2,397 илјади денари и претплатени трошоци во износ од 1,823 илјади денари.

3.6. Пари и парични еквиваленти

(во илјади мкд)

Пари и парични еквиваленти	2025	2024
Банкарски сметки	65,793	57,496
Депозитна сметка за парични средства за децата во СОС (белешка 3.8)	4,298	4,606
